Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-7364
15.05.2017 год.
СКОПЈЕ

ПРЕДЛОГ

Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје на 36-та редовна седница одржана на 15.05.2017 година, расправајќи за потребата од измена и дополнување на Статутот на Друштвото, согласно член 139 од Статутот на Друштвото, до Собранието доставува предлог

## О Д Л У К А
### За измена и дополнување на Статутот на ГД Гранит АД Скопје

I.Во Статутот на ГД Гранит АД Скопје се врши измена и дополнување и тоа:

1. Член 29 се менува реченица 1 од став 1 и гласи:
“ На предлог на Управниот одбор Друштвото може да стекнува сопствени акции со откуп под следниве услови:”

2. Член 30 став 3 се брише.

3. Член 39 став 3 се менува и гласи:
“Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржувањето на собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието.”

4. Член 40 став 4 по зборот “кои” се додава зборовите “поединечно или”

5. Член 85 став 1 алинеа 1 се менува и гласи:
“за друштвата во кои тие сами или со поврзани лица имаат 20% или повеќе проценти од уделот односно акциите со право на глас”

6. Член 135 став 2 се менува и гласи:
“Управниот одбор на Друштвото е должен без одлагање да го извести трговскиот регистар во случај да бидат повлечени сите акции”

II. Се задолжува Надзорниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот на ГД„Гранит„ АД Скопје.

III.Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
Собарание на акционери
Сектор за ПКОР
Архива

Претседател на Управен Одбор

Страшо Милковски

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје